
Memorandum on the Solution of the Macedonian Question

Огранокот на здружението „Заборавени Македонци" од САД по повод денешниот ден 1 февруари, односно 151 година од раѓањето на Смиле Војданов (1872-1958), врсникот на Гоце Делчев, македонскиот илинденски војвода и доживотен активист за слободата и независноста на Македонија го обзнануваат Меморандумот што Смиле Војданов, како претседател на Македонско-Американската Народна Лига (во САД) на 11 февруари 1945 г. го испратил до американскиот Стејт департмент и претседателот Френклин Д. Рузвелт.

**СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА**

ЌЕ ЈА ЗАЈАКНЕ ДЕМОКРАТИЈАТА НА БАЛКАНОТ

МЕМОРАНДУМ ЗА РЕШЕНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

Со оглед на честите референци за македонското прашање во последните депеши од Балканот, како и поради тоа што јавно се разговара за проблемот околу идните граници меѓу балканските земји, Националниот комитет на Македонско-американската народна лига на САД што се состана во Детроит, Мичиген на 11 февруари 1945 година се чувствува повикан како претставник на илјадници Американци со македонско потекло да го достави до нашиот Стејт департмент и јавното мислење следниов меморандум:

Во сегашната реконструкција на балканските земји на демократска основа, правилното решение на македонското прашање ќе придонесе кон долгорочното стабилизирање на мирот на повоениот Балкан, како и на Европа во целина.

Македонското прашање израсна од желбата и борбата на македонскиот народ за правото на самоопределување и национална независност.

„Поради стратешката положба на Македонија на Балканскиот полуостров и хетерогениот карактер на нејзиното население, македонското прашање одиграло и ќе продолжи да игра важна улога во животот на балканските народи.“

Македонија е земја што го зазема централниот дел на Балканот, со Солун како нејзиното главно пристаниште во Егејското Море. Територијата на Македонија е приближно иста со територијата на Западна Вирџинија. Се протега од двете страни на Вардарската долина - балканската порта кон Егејот.  Две други реки - Струма и Места - го пресекуваат источниот дел на земјата.  Поголемиот дел од Македонија е планински, особено на северот, со богати, плодни полиња во централниот и јужниот дел.

„Населението на Македонија кое брои нешто повеќе од 3 милиони, се состои од многу националности. Најбројни се Македонските Словени. Втората по големина група се Грците.  Потоа доаѓаат Албанците, Евреите, Турците и Арм'ните.  Македонските Словени зборуваат дијалект кој е најблизок до бугарскиот и српскиот јазик.“

Од сите балкански народи, Македонците најмногу страдаа под угнетувачката власт на турската империја. Србите ја освоија својата национална независност во 1804 година. Грција ја доби својата слобода во 1829 година. Бугарија беше ослободена од Русија за време на руско-турската војна од 1877-78 година. Со Берлинскиот договор, 1878 година, тогашните европски државници решија да ја остават Македонија под власта на декадентнста Османлиска империја.  Нивниот неуспех да го послушаат советот на британскиот либерален водач Вилијам Гледстон да им се даде Македонија на Македонците се покажа како скапа грешка која оттогаш е одговорна за најголемиот дел од неволјите на Балканот.

Македонија е географски и економски ентитет со историја од повеќе од педесет години борба за слобода и национална независност.  Оваа борба ја водеше ВМРО (Внатрешна Македонска Револуционерна Организација) основана во Солун во 1893 година. Оваа организација беше вистинска народна сила предводена од Гоце Делчев. Десет години подоцна во 1903 година  македонскиот народ се крена против неподносливиот јарем на султаните. Три месеци 20.000 македонски герилци се бореа со турската војска што броеше 200.000. Борбениот крик на Патрик Хенри - дај ми слобода или дај ми смрт! -

одекнуваше со недели по планините и долините на Македонија. Востанието беше задушено најбезмилосно. Повеќе од 5.000 беа убиени, а 200 села целосно уништени.

Во 1912 година Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора (последнава исто така сега дел од Југославија) и објавија војна на Турција наведувајќи дека се борат за ослободување на македонскиот народ. Меѓутоа, со поразот на Турција, балканските сојузници почнаа да ја делат Македонија меѓу себе. И бидејќи не можеа да се договорат за поделбата на пленот, избувна Втората балканска војна, овој пат меѓу сојузниците. Војната заврши со поделба на Македонија (Букурешки договор од 1913 година) на три дела. Бугарија доби една десетина, додека остатокот од Македонија беше поделен речиси подеднакво меѓу Грција и Србија.

„Поделбата на Македонија меѓу балканските земји настрана од сите трагични политички последици му нанесе тежок удар на индустрискиот и економскиот развој на земјата. Делот на Солун беше отсечен од поголемиот дел од неговата заднина.  Бродскиот превоз на луѓе и стоки низ Солун нагло се намали. Градовите како Скопје и Битола значително се намалија во населението поради економската дислокација и политичкото угнетување што го предизвика поделбата на Македонија.“

Мировната конференција во Версај на крајот на Првата светска војна наместо да ја исправи поделбата на Македонија - ја санкционираше и всушност ги охрабри деспотските предвоени влади на Бугарија, Грција и Србија да продолжат со својата политика на тероризам и денационализација на македонскиот народ. Не се слушна гласот на американската делегација која предложи автономија на Македонија.

Она што се случуваше во трите дела на Македонија пред и по Првата светска војна беше исто толку одвратно како најлошите злосторства на нацистите во оваа војна (Втората светска војна). Во Македонија под Југославија, српските хегемонисти водеа политика на безмилосна денационализација, принудувајќи ги Македонците да се нарекуваат „јужни Срби“ и да додадат „-иќ“ на нивните презимиња. Во Македонија под Грција судбината на Македонците не беше подобра. Грчките власти насилно ставаа рицинусово масло во грлото на секој што беше фатен ако зборува македонски. Стотици илјади македонски селани беа протерани од земјата и нивната земја беше предадена на грчките бегалци од Мала Азија.

Македонија под бугарска власт претрпе најмногу од тероризмот на фашистичката клика

на озлогласениот Иван Михаилов. Михаилов и неговиот претходник Тодор Александров се прогласија за водачи на старата ВМРО. Меѓутоа, под нивно раководство оваа организација дегенерираше во банда на платеници. Терористите на ВМРО одиграа срамна улога во соборувањето на селскиот режим на премиерот Стамболиски во Бугарија (1923). За време на владеењето на теророт што следеше тие учествуваа во масакрот на 30.000 антифашисти - Бугари и Македонци.

„Таква беше трагичната судбина на македонскиот народ по Првата светска војна. Искрено се надеваме дека сегашната народна војна на Обединетите Нации против германската и јапонската агресија ќе донесе правда и слобода за Македонија."

Во текот на оваа војна македонскиот народ повторно докажа дека заслужува да биде слободен и активно да учествува во обновата на Балканот врз основа на демократијата. Во сите три дела на нивната маченичка земја, Македонците се бореа рамо до рамо со југословенските, грчките, албанските и бугарските партизани, подеднакво против нацистичките поробувачи како и против домородните квислинзи. Во Македонија под Југославија беше формирана Македонска народноослободителна армија, со командант генерал Михаил Апостолски.  Оваа армија е дел од Ослободителната народна армија на Југославија и се бореше под генерална команда на маршалот Тито.

Осврнувајќи се на улогата што ја одиграа македонските партизани во војната на Балканот, Голт Мекгован од северноамериканскиот весник „Алијанса" рече во депеша од „некаде на Блискиот Исток" - „Македонија стана меѓународно место за состанување на герилци, прв пример на ентузијастичка балканска тимска работа. Таму се собираат грчките, југословенските и бугарските борци. Нивната цел по војната е независна Македонија, поврзана со федералниот систем на Тито, кој црпи инспирација делумно од САД, а делумно од Русија."

Првиот чекор во создавањето на слободна Македонија е веќе направен. На 29 ноември 1943 година, заседанието на АВНОЈ одржано во Јајце, го усвои федералниот принцип, со кој се даде „целосна еднаквост на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина". За Македонците под Југославија оваа историска одлука значеше дека за прв пат по пет века тие го добија правото на самоопределување и национална независност. Ова е одлично сведоштво за вистинскиот народен карактер на југословенското националноослободително движење.



Michail Apostolsky as its commander. This army is a part of the Yugoslav People's Army of Liberation and fought under the general command of Marshal Tito.

Referring to the role which the Macedonian Partisans played in the war in the Balkans, Gault MacGowan of North-American Newspaper Alliance, said in a dispatch from 'somewhere in the Middle East'—"Macedonia has become an international guerrilla meeting ground, the first example of enthusiastic Balkan teamwork. There the Greek, Yugoslav and Bulgar fighters get together. Their goal after the war is an independent Macedonia, linked with Tito's federal system, which draws inspiration partly from the United States and partly from Russia."

The first step in the creation of a free Macedonia has already been taken. On November 29, 1943, the Second Session of the Anti-Fascist Council of National Liberation of Yugoslavia, held in Jajce, adopted the federal principal, which granted "full equality for the people of Serbia, Croatia, Slovenia, Macedonia, Montenegro and Bosnia-Herzegovina." To the Macedonians under Yugoslavia this historic decision meant that for the first time in five centuries they received the right to self-determination and national independence. This is a great testimonial to the true people's character of the Yugoslav National Liberation Movement.

*The proclamation of a free Macedonian state as a federal unit of new democratic Yugoslavia took place on August 2, 1944, in a monastery near the town of Bitolja, where 125 delegates from all parts of Macedonia had gathered clandestinely. Among the people who witnessed this significant event were the representatives of the Allied Military Mission in Yugoslavia and Tito's High Command.*

According to reports from Sofia, quoted by OWI, the head of the new Bulgarian Fatherland Front Government, Kimon Georgiev, had declared that Bulgaria will not oppose a desire on the part of the Bulgarian Macedonia to unite with the new Macedonian state of federated Yugoslavia.

*It is our considered judgment that the unification of all three parts of Macedonia into a free Macedonian state in the community of democratic South-Slavic and all Balkan nations will offer the best and just solution of the Macedonian question.*

The basic error of all previous attempts to solve the Macedonian problem lies in the fact that the desire and the struggle of the Macedonian people for freedom and national independence was completely ignored, with dire consequences for the peace of the Balkans.

Freedom-loving Americans of Macedonian origin trust that our government, together with the governments of our great Allies—Soviet Union and Great Britain—will see the just cause of the Macedonian people and help realize their age-old dream for a free and united Macedonia.

*Respectfully yours,*

SMEALE VOYDANOFF
*President*

GEORGE PIRINSKY
*National Secretary*

Macedonian-American People's League
5856 Chene St. — Detroit 11, Mich.

FREE MACEDONIA

WILL STRENGTHEN DEMOCRACY IN THE BALKANS

MEMORANDUM on the MACEDONIAN QUESTION

*"Macedonia has become an international guerrilla meeting ground, the first example of enthusiastic Balkan teamwork. There the Greek, Yugoslav and Bulgar fighters get together. Their goal after the war is an independent Macedonia, linked with Tito's federal system, which draws inspiration partly from the United States and partly from Russia."*

Gault MacGowan
*North-American Newspaper Alliance*

[illegible] се цитати од американскиот новинар Голт [illegible]




[illegible] учесник во




[illegible] гробот



[illegible]